РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-683/4
17.09.2019 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета по**
**Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат на Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија се движи како што следи:

-од јужната страна границата ја оформува осовината на магистралниот автопат А1 (М1) Скопје Гевгелија
-од источната страна граница на опфат е осовина на сообраќајната петља дефинирана во УПВНМ
-од северната страна граница на опфат е осовина на сервисна улица 7 дефинирана во УПВНМ
-од западната страна границата е по катастарски парцели КП 3121/1 и КП 3121/2.

**Површината на планскиот опфат изнесува 6.22 ха.**

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 24.09.2019 година во 11:00 часот во малата сала во Народниот театар во Гевгелија.**

Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија, ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 5 работни дена и тоа **од 24.09.2019 година до 02.10.2019 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**